# АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ ЗА СОСТОЈБИТЕ СО КОНКУРЕНТНОСТА НА НЕВРАБОТЕНИТЕ РОМИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД СО ПРЕПОРАКИ

**Ромска Асоцијација за Жени и Млади ,,ЛУЛУДИ,,**

Romani Asocijacija Romnjenge thaj Thernenge" LULUDI"

# Содржина


Основа за спроведеното истражување 2

Цел на истражувањето 2

Методологија 3

Општествен контекст  на невработеноста 4

Резултат 5

Мислење дадено од индивидуални лица 6

Мислење дадено од правни лица 9

Проблеми на Ромите при влез на пазарот на труд 12

Проблеми на институционално ниво 12

Проблеми на ниво на стопанства 13

Препораки 14

Препораки за социјално вклучување 14

Препораки за бизнис услови 14

Референца 10

# 1 ОСНОВА ЗА СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Проектот со наслов Аналитички осврт за состојбите со конкурентноста на невработените Роми на пазарот на труд (Research for Condition of Roma People Competitiveness on Labor Market) е финансиски поддржан од: OPEN SOCIETY FOUNDATIONS, Making the Most of EU Funds for Roma. Истражувањето го спроведе Ромска асоцијација на жени и млади –ЛУЛУДИ, здружение од Скопје.

**Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите – Фондација отворено општество**

**Истражување за состојбите на конкурентност на Ромите во пазарот на работна сила, во проект МфМ**

Обработената тематска област е динамиката на пазарот на работна сила со можности и капацитети за невработените Роми да се пријавуваат, наоѓаат работа, или менуваат работни места, соодветно на понудените работни места и струки. Проектот ги опфаќа последните активни владини мерки за вработување за поттикнување на вклучувањето на сите правни и физички лица. Третата опфатена димензија е општествено-социјална инклузија на Ромите во секојдневната комуникација на работа, или за време на конкурси за работа. Проектов помага за подобрување на конкурентноста на невладината организација ЛУЛУДИ при поднесување нови иновативни предлог проекти за финансирање на конкурси на ИПА-ЕУ програмите во 2015, а досега некористени и поатрактивни со шанса да добиеме високи поени. Резултатите ќе овозможат најдобро и најапликативно и да задоволиме потреби на Ромите да си најдат работа, односно се самовработат. Резултатите се основа за нови апликации на ЛУЛУДИ и за новите конкурси на Roma Educative Fund 2015 и MtM. Овој аналитички осврт, како студија, претставува стратешки документ на ЛУЛУДИ за работа во наредни 3 години.

# 2 ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ромската асоцијација ЛУЛУДИ е помагање на млади и жени во остварување на своите општествени права во Скопје.

Главна цел на истражувањето е генерирање нови проектни идеи за унапредување на конкурентноста на невработени Роми и нивна подвижност при барање работа. Конкретна цел на истражувањето е анализа на актуелната ситуација на ромската популација во однос на невработеност, инклузија во пазарот на труд и активно користење на активните Владини мерки за поттикнување на вработувањето. Во главни активности на спроведувањето спаѓаат: градење на тим, подготовка на прашалници, спроведување на анкета кон поединци и фирми, анализа на прашалниците и пишување на Аналитички извештај со препораки.

Нашите резултати ги проширија знаењата на нашата невладина организација за потребите на невработените Роми. Воедно се подобри капацитетот на ЛУЛУДИ за спроведување на анкета во поширока заедница. Поголемо знаење дава посилен организациски капацитет во креирањето на предлог проекти за нови повици од фондации наменети за практична помош на целната група (Ромите во Скопје) базирана на реалните проблеми што ги имаат во потрага по работа.

# 3 Методологија

Методологијата за следење на постигнатите цели, се фокусира на доволниот број на поделени и одговорени прашалници, број на соговорници за дискусија, број на заклучоци и број на дадени предлози. Истражувањето се базира на делење на осмислени прашалници помеѓу испитаници од различни населби, различна возраст и пол, како и целна група од правни лица од јавен, приватен и трет сектор. Насочениот примерок на поединци е по случаен избор сретнат на отворени места, до 2% од бројот на невработени Роми, како релевантен за јавното мислење во Скопје. Исто така втор планиран примерок се правни лица од владин, невладин и стопански сектор, по намерен избор од познати имиња. Тие се битни за да се согледа нивно мислење за проблемот со примање вработени. Вкупен број на прашања за поединци се 31, а за правни лица се 35. Прашањата се од затворен тип со однапред дадени одговори за избор. Само 7 прашања имаат полуотворен тип со можност за слободен одговор од анкетираните. Начинот на презентирање е лесно читлив. Прашалниците се дистрибуираат од страна на тим на анкетари, кои се среќаваат директно со испитаниците и помагаат во читање и пополнување. Голема помош се добива од соработка со ромски НВОи за контакт со целната група. Осмислувањето и анализата ги прави тим од Координатор на истражувањето и Консултат за истражување. За подобрување на начинот на дистрибуција на анкетните прашалници потребен е тренинг на повеќе анкетари за запознавње со прашањата, комуникативност со испитаници, пристап за пополнување и вид на места за анкетирање. Анкетата статистички се анализира со собирање на одговорите и определување на процентуална застапеност на истите. Прашалникот за поедни лица изгледа вака:

1. основни насоки
2. **Колку сиромаштијата влијае да не можеш да најдеш работа или создадеш свој бизнис?**
3. **Дали постојано бараш работа и колку време?**
4. **Ако одговори со НЕ, заокружи зошто?**
5. **Ако одговори со да, заокружи зошто не успеа да се вработиш?**
6. **Каде и со каква струка би сакал/а да работиш?**
7. **Каква помош би сакал/а да добиеш за да успееш да најдеш работа?**
8. **Дали бираш работа или би прифатил/а билокаква работа?**
9. **Дали треба повеќе образование за Ромите за да работат, кои и на која возраст?**
10. **Дали до сега си бил/а на интервју за работа?**
11. **Со какви проблеми се соочуваш кога одиш на интервју за работа?**
12. **Што ти треба за да можеш да учествуваш на интервју и бидеш подобар/а во конкуренцијата?**
13. **Какво знаење и помош ти треба за да се пријавиш на конкурс за работа?**
14. **Се соочуваш ли со стереотипно мислење за Ромите кога конкурираш за работа?**
15. **Дали и колку често поднесуваш апликации во АВРМ за субвенции во активните мерки на Влада на РМ?**
16. **Ако си аплицирал/а некогаш, со какви пречки, проблеми за време на аплицирањето се имаш соочено?**
17. **Дали си задоволен/на од целата процедура?**
18. **Што би променил/а во целата процедура за да ѝм биде полесно на Ромите да аплицираат?**
19. **Дали си добил/а некогаш субвенција за вработување / самовработување од АВРМ?**
20. **Каква помош или струка ти треб за да ги користиш активните мерки на АВРМ за вработување?**
21. **Дали се пријавуваш и колку години како невработен/а во АВРМ?**
22. **Ако не, која е причината за избегнување на евиденцијата на невработени во АВРМ?**

23. **Дали до сега си користел/а обуки од страна на АВРМ?**
24. **Дали би сакал/а да работиш сам/а свој бизнис?**
25. **Ако сакаш, каков бизнис би можел/а да работиш?**
26. **Каква помош ти треба за да почнеш бизнис?**
27. **Како ромска фирма може да биде конкурентна на пазарот?**
28. **Зошто Ромите се вработуваат во работа на црно, повеќе од останатите?**
29. **Ако отвораш бизнис дали би плаќал/а данок, здравствено и пензиско осигурување?**
30. **Дали и зошто Ромите водат бизнис на црно без да платат данок, здравствено и пензиско осигурување?**
31. **Имаш нешто уште да кажеш?**

Прашалникот за правни лица изгледа вака

1. основни насоки
2. **Дали сметате дека Ромите се сиромашни?**
3. **Колку сиромаштијата влијае да не можат Ромите да најдат работа?**
4. **Дали на конкурси за вработување во приватен сектор се јавуваат Роми?**
5. **Дали на конкурси за вработување во државен сектор се јавуваат Роми?**
6. **Која е причината поради која Ромите се масовно невработени?**
7. **Што мислите зошто ромите се одбиваат кога аплицираат за работа ?**
8. **Каква помош им треба за да добијат работа во приватниот или државниот сектор?**
9. **Дали сметате дека Ромите и други невработени повеќе сакаат да работат или да примаат социјална помош?**
10. **Дали Ромите имаат соодветни луѓе, доволно образовани со професии кои најчесто се бараат на огласите за вработување во приватен сектор?**
11. **Дали Ромите имаат соодветни луѓе, доволно образовани со струки кои најчесто се бараат на огласите во државни институции за вработување?**
12. **Дали Ромите аплицираат во приватниот сектор?**
13. **Дали Ромите аплицираат во државниот сектор**
14. **Со какви проблеми се соочуват Роми на интервју за работа?**
15. **Што да им помогнеме за да можат Ромите да учествуваат на интервју и бидат подобри во конкуренцијата?**
16. **Какво знаење и помош ѝм треба за да се пријават на конкурс за работа?**
17. **Дали сметате дека приватниот сектор има стереотипно мислење за Ромите кога конкурираат за работа?**
18. **Колку нивото на образование и други вештини се доволни за да бидат конкурентни за да добијат работа?**
19. **Дали знаете Ром што искористил кредит или донација од АВРМ за вработување?**
20. **Дали и колку често Роми поднесуваат апликации во АВРМ за субвенции во активните мерки на Влада на РМ?**
21. **Со какви пречки во аплицирањето Ромите се соочуваат?**
22. **Дали сметате дека е лесна / задоволителна целата процедура?**
23. **Што би промениле во целата процедура за да ѝм биде полесно на Ромите да аплицираат?**
24. **Ако не аплицираат Ромите за помош од АВРМ, наведете ја причината?**
25. **Колку и кое образование или вештина на Ромите се доволни за да аплицираат за кредит од АВРМ?**
26. **Каква помош или струка ѝм треба на Ромите за да ги користат активните мерки на АВРМ за вработување?**
27. **Дали Ромите се пријавуваат во АВРМ како невработени?**
28. **Ако да, дали се јавуваат за помош за вработување?**
29. **Дали условите во економијата се добри за сам/а свој бизнис?**
30. **Каква помош треба за да се почне бизнис?**
31. **Дали знаете Роми кои имаат свој бизнис за да си остварат приходи во семејството?**
32. **Дали Ромите се вработуваат во работа на црно, повеќе од останатите луѓе заедници?**
33. **Зошто Ромите се вработуваат во работа на црно, повеќе од останатите?**
34. **Кои се потребите на младите луѓе за самовработувачки бизниси со плаќање на придонеси?**
35. **Имате нешто уште да кажете?**

# 4 Општествен контекст на невработеноста

Во овие тешки денови на тешка економска криза на целото стопанство сите невработени лица и вработените лица со мали примања се соочени со тешкотии во остварување на своите општествени и работнички права. Тешката конкурентност предизвикува дискриминација по

економска состојба, ниво на образование, потенцијал за работа и етничко потекло. Многуте мали можностите во пазарот на работна сила и бизнисот, бараат сосем нови решенија. До сега ЛУЛУДИ има направено неколку проекти како обид за унапредување на конкурентноста на невработените Роми на пазарот на работна сила, со идеи поврзани со обуки за вештини за комуникација, курс за козметика и јазик и нудење информативен центар. Забележително е дека повеќе организации со независни проекти работат со слични идеи, а некаде се преклопуваат курсевите за стекнување диплома за шивачка, фризерка, козметичарка итн., што ја зголемува конкуренцијата. Голем дел од обучените не ги користат вештините, остануваат неконкурентни и невработеноста останува висока.

Статистички гледано според Пописот од 2002 година, Ромите имаат најнизок степен на вработеност споредено со другите етнички групи во Македонија. Од евидентирани 9.037 невработени Роми (3,71% од сите) Ромки се 3.709. Скопје има 23.473 Роми (2002г), доминантно во Шуто оризари 13.342 лица, Чаир 3.100 лица, Гази баб 2.000 жители и Ѓорче петров со 1.200 жители. Во Скопје во 2013 година имаше 20.244 невработени граѓани. Во 2ра половина од 2014 година во Македонија нивото на невработеност беше 28,2% (Завод за статистика). Околу 72% се генерации на основно и средно образование. Овие алармантни податоци се лоша перспектива за новите генерации во потрага по егзистенција. Мораме да го имаме предвид фактот дека многу Роми не се регистрирани во Агенцијата за вработување што го зголемува бројот на невработени многукратно. Речиси да нема семејство во Скопје без еден невработен член, а срeќните вработени членови се со многу ниски плати со тешкотии за издржување на фамилијарниот буџет. Околу 57,2% од невработените во 2013 се активни баратели на работа, што е мал раст во споредба со 42,8% неактивни баратели отсутни од евиденциите на пазарот на труд, без конкурентен настап, невклучени во општеството и депримирани од долгогодишната невработеност. Ромските домаќинства се соочуваат со истите проблеми на сиромаштијата како и целиот регион. Нивната миграција кон подобри услови за живот во земјава е за 22% повисока од другите домаќинства.

Во такви услови Министерството за труд и социјална политика воведе активни мерки за намалување на невработеноста, со доквалификации, обуки за конкурентност, или субвенции за само-вработување преку Агенцијата за вработување. Иако оваа програма има успеси, сеуште треба да се креираат нови програми за малцинските заедници. Согласно Стратегијата за Ромите во Македонија 2014-2020, ситуација на ромската заедница наложува огромна ургентност за подобрување на способноста за вработување на тие лица, но во сосем различен пристап од оној наменет за другите малцински заедници, затоа што досегашните методи не делуваат соодветно на ромските потреби.

# 5 Резултат

Прашалникот го одговорија 97 индивидуални лица и 20 правни лица од Скопје. Од индивидуалните соговорници одговор добивме од 48 Ромки и 51 Роми, што нѝ покажува одличен родов баланс во пристапот и висока еманципација на жените за искажување на своето мислење. Анкетата на поединци опфати различна возраст и образовно ниво. Поединците ги контактиравме во невладини ромски организации, кафетерии, чајџилници, супермаркети, ресторани и на пазарот со тезги. Од правни лица анкетирани се претставници на невладин сектор, локална самоуправа, агенција за вработување и трговски фирми. Банките одбиваа да учествуваат во анкетата, што го

толкуваме како незаинтересираност за помош во нашите напори за инклузија на невработените лица, особено Роми. Тие имаат ниска општествена одговорност со големо непознавање за невработеноста и сиромаштијата во земјата.

Невработените лица најчесто живеат во семејство со повеќе лица, од кои анкетираните жени беа од семејство на 4-9 члена, додека мажите доаѓаа од семејство од 3-10 члена. Поголемиот дел испитаници живеат во куќи, само мал број во стан, или под кирија. Распоред на возраст, образование и брачна состојба на лица е прикажан во таблицата подолу:

| **ЖЕНИ - Вкупно 47** | | **Возраст** | **брачен статус** |
|---|---|---|---|
| Незавршено основно | - 8 | ................................од 20 – 33 г. | немажени - 7 |
| Основно | - 21 | ............................. од 20 - 47г. | мажени - 40 |
| Средно | - 14 | ............................. од 18 – 52г. | |
| Високо | - 4 | ...............................од 23 – 28 г. | |

| **МАЖИ - Вкупно 50** | | **Возраст** | **брачен статус** |
|---|---|---|---|
| Незавршено основно | - 1 | ................................. 28г. | неженети - 15 |
| Основно | - 23 | ....................... од 18 - 39г. | женети - 35 |
| Средно | - 24 | ....................... од 18 – 53г. | |
| Недовршено средно | - 1 | ................................ 29г. | |
| Високо | - 1 | ............................... 31г. | |

Анкетираните соговорници доаѓаат од населбите Топаана, Топанско поле, Шуто Оризари, 11 Октомври, Хиподром, Маџир маало, Аеродром, Кисела вода, Чаир, Карпош и Центар.

# 6 МИСЛЕЊЕ ДАДЕНО ОД ИНДИВИДУАЛНИ ЛИЦА

Мислењето за состојбите на невработените во динамиката на пазарот на труд го анализиравме од аспект како жените гледаат и како мажите гледаат кон проблемот. Од поставено 31 прашање, само на 5 прашања размислувањата се разликуваат, што значи дека невработеноста не познава родова, етничка, возрасна и образовна припадност на поединецот. Тие се универзални проблеми со кои треба да се справиме сите заедно. Сиромаштијата е оценета од 76% испитаници како главен причинител за неможност за наоѓање работно место, или отворање на сопствен бизнис од страна на невработените Роми. Само 10% не се во можност да распознаат поврзаност.

Невработените Роми се во постојана потрага по работа подеднакво во државни и приватни фирми, од кои само 10% не бараат. Нивниот период на невработеност најчесто е 10-20 години, но има и такви што бараат 1-5 години. Кај жените постои мала разлика во периодот на невработеност кој се движи 2-5 години, но интересно е што 55% жени не бараат постојано работа. Дури 45% жени бараат постојано работа повеќе во приватен, а помалку во државен сектор. Сите неактивни испитаници не бараат работа поради немање врски и состојба на разочараност. Жените не бараат

работа во 22% поради недостаток на струка и 13% затоа што примаат социјална помош. Жените добиваат помалку информации каде да се обратат за работа од мажите, а 13% мажи се повлекуваат чувствувајќи дека ќе бидат одбиени на конкурс поради ромската припадност. Наспроти тоа, тие што активно бараат работа не ја добиваат поради немање врски и партиска книшка за препорака (31%), немање струка (20%) и добивање негативен одговор на конкурси (18%), но и 11% доживеале да бидат третирани со предрасуди. Мажите се свесни дека не се претставиле добро на интервју, или имале лошо составена биографија и мотивациско писмо.

Во споредба со изјавите на активни баратели на работа, истите 61% се пријавуват редовно во Агенција за вработување. Пријавувањето, исто како и барањето работа, се движи од 2-5 години за мажи и 6-11 години за жени. Дури 33% лица не се пријавуваат на евиденција поради работа на црно, немање интерс и желба, работа на договор на дело кај работодавачи и други изговори како потреба да седи дома и чува мали деца.

Невработените лица свесни дека немаат соодветна струка и образование имаат голема желба за завршување на основно и средно училиште, или да се усовршат во струката добиена од средно училиште. Дури 19% од жените се без образование. Свесни за ниската стручност и тешкотијата во наоѓање работа, 64% од испитаниците не одбираат да прифатат било каква работа ако ѝм се понуди, 12% мажи би прифатиле само ако ѝм се допадне работата, што за жените не е воопшто случај, но затоа 10% жени бараат по своја струка. Во приватна фирма ниедна жена не би одела, а само 3 мажи би, но затоа 8% жени и 15% мажи веднаш би прифатиле било што во државен сектор. Како кај сите лица во земјава, така и кај Ромите за 40% од испитаниците најпривлечно е да бидат државен службеник во било која институција, па дури и во АРМ и МВР. Барани машки струки се во гипс-мајстор, електрика, келнер, комунални дејности, жито-лукс, а високо образование како правник, социјален работник и пилот, додека жените повеќе сакаат козметичко-фризерска, шивачка, работа со деца и хигиенска струка. Од друга страна испитаниците можат да понудат искуство во услуги како плочкар, шивач, или чистење домови и улици, чување деца, истовар на предмети, односно каде нетреба никаква струка.

Потребна е помош на невработените Роми за да најдат работа и тоа со обука за знаење и препораки за стручност (76%) дадени од обучувачите и од места каде претходно работеле, или каде лицата биле на пракса, потоа исто како и целото општество, 32% испитаници бараат врски и информации за конкурси (25%). Двојно повеќе мажи се свесни за потреба од подобра деловна гардероба за одење на интервју, за разлика од испитаните жени, кои исто така дупло помалку имаат потреба од дотур на информации за конкурси. Речиси 80% од жените чекаат некој друг да ги вработи и покрај тоа што изјавуваат дека немаат ниту основно училиште. Испитаниците сметаат дека е потребно воведување повеќе програми за поинтензивно, кроено образование за Роми и тоа 41% даваат предност на младите, а 29% на возрасните. Повторуват дека ѝм треба занетска струка за работа. Тоа што можат да понудат мажите од вештини се снаодлив, вреден, комуникативност и креативност. Жените како невработени можат да понудат комуникативност, друштвеност, странски јазици и екомика.

На конкурси за работа 80% лица биле на 1-7 интервјуа со изборна комисија, но има и такви што биле над 10 пати. Најчести наброени проблеми за време на интервју се обраќања со предрасуди кон Роми како генерално необразовани лица, или обраќањето е со лош говор. Дискриминација кај 35% од испитаниците ја чувствуваат при конкурирање на работа, а 10% не се соочиле со тоа. Останатите не го сметаат за толку истакнат проблем. Втор тип дискриминација е кон жените. Интервјуата 7% лошо поминуваат поради слабо изразување на Роми кандидати. Иако се бараат Роми на одредено работно место тие никогаш не примаат Роми. Затоа кандидатите бараат вежбање на добро изразување на интервју, совет за подобро деловно облекување, помош да разберат што се прашува или дискутира на истото и посветување на поголемо внимание на комисијата кон ромските кандидати за да ѝм се олесни учеството. Потоа, доста се бара учење на пишување писма и пополнување формулари. Интересно е да жените не бараат совет толку, колку што сакаат врски. Пример: „Каде и да се обратам со потребни квалификации, ме викаат на интервју за подоцна да бидам одбиена".

Агенцијата за вработување нуди активни мерки за помош на невработени да најдат работа кај постоечки фирми со финансиска помош за практиканство, или пак со кредити и донации за отворање на сопствен бизнис. Дури 10% од испитаниците не се заинтересирани за користење субвенции. Ромите во 90% не аплицираат за добивање на активни мерки, од кои 14% никогаш не слушнале за нив. Од тие што поднеле барања има такви што веќе 10 пати се пријавиле и сметаат дека е тешко да се добие. За нив е непознато зошто не добиваат, затоа што никогаш не добиле повратен одоговор откако аплицирале. За 22% апликанти процедурата е комплицирана за пријавување и повеќето мажи не знаат да пополнат. Од запознаените лица со активните мерки 22% немаат никакви забелешки за процедурите, додека 15% не се задоволни од неа поради неразбирливоста, комплицираноста и немање доволна помош за пополнување на документи. Субвенции за вработување од АВРМ не добил никој освен 2 жени и 1 маж. Тука дури 6% од лицата семетаат дека високо вилјание има етничката припадност во која се преферираат Албанци на места наменети за Роми. За искористување на активните мерки 50% од испитаниците бараат додатна обука и помош за пополнување на формулари и разбирање на процедурите. Останатите 8% не бараат помош, 15% бараат помош за доквалификација во струката, или дозавршување на образованието и 18% бараат повеќе информации за субвенциите. Пријавените невработени лица во 93% случаи не ги користат понудените бесплатни обуки дадени за АВРМ.

Ромите се бизнис ориентирана популација затоа што 36% сакаат да работат сами свој бизнис, особено мажите, но 38% се неопределни што е добро поле за мотивација. Жените се помалку храбри во изјавите и 17% од нив не би сакале да бидат сопственици на претпријатие. Идеите за вид на бизнис дејност се со широк дијапазон на услуги во козметика, здравје, сметководство, градежништво, угостителство, шиење, исхрана и спорт, трговија, консултант, метење улици, но има и 17% жени неопределни кои би прифатиле секаков предлог. За да се започне бизнис Ромите сметаат дека се потребни пари, работна просторија, опрема, информација за кредити, партнер и обука за менаџмент. Двојно повеќе мажи од жените сметаат за потребно добро испланирана идеја со бизнис план (19%) и реклама (15%). Во однос на конкурентноста сите едногласно посочуваат дека ромска, или било која фирма, треба да нуди квалитетна услуга или стока, да исполнува услови за стандарди, добар однос на вработените и менаџментот и да има образован кадар. Секако една

ромска фирма мора да излезе надвор од гетото и да го прошири удделот во пазар во Скопје и пошироко.

Во врска со работа на црно која е масовен проблем на невработените Роми, дури 39% сметаат дека луѓето немаат друг излез, 31% сметаат да газдите така сакаат, а како резултат на тоа, 20% жени и 10% мажи се западнати во таква ситуација поради немање никакво образование. Пример: „Немам струка, цел живот работам како амал (носач) од денес до утре. Изминативе 2 години работев во 4 различни перални по неколку месеци, но никој не ме пријави“. Некои сметаат дека непријаувањето е резултат на неинформираност за работнички права и постоење на стаж со здравствено и пензиско осигурување. И за овој проблем 8% сметаат дека ниската заработувачка не дозволува да се подмират сите давачки. Интересна појава е да 6% не знаат зошто работат на црно, 4% не сакаат да ѝм тече стаж и исто толку сметат дека е почесно да се работи на црно отколку пријавен вработен. Сепак 75% би ги плаќале сите давачки за вработените доколку би отвориле сопствен бизнис, фрапантни 3% би ги држеле вработените без придонеси и 3% би плаќале пензиско и здравствено осигурување доколку имаат привилегии со намалени давачки. Да не платат придонеси дури 20% жени ја изнираат за поубава опција. Што се однесува за отворање на сопствен бизнис на црно без плаќање давачки 37% од испитаниците сметаат дека е поради ниската профитабилност на компаниите и Ромите тоа го прават за да заштедат пари. Околу 20% незнаат зошто Роми водат бизнис на црно, 7% незнаат дека треба да регистрираат фирма, 13% бегаат од обврски и слично. И за целокупниот бизнис на црно, жените (27%) се понаклонети 3 пати повеќе од мажите.

# 7 Мислење дадено од правни лица

Мислењето за состојбите на невработените Роми од сосем друг агол го даваат работодавачите и вработените во стопанскиот, државниот и невладиниот сектор, особено што се среќаваат со пречки при вработување на нов персонал. На поставените 35 прашања нема различно размислување помеѓу невладини организации, локални самоуправи и компании, дури и со индивидуалните лица, што значи дека бизнис атмосферата и невработеноста не познаваат родова, етничка, возрасна и образовна припадност на поединецот, ниту големина, форма и вид на дејност на правните лица. Тие се универзални проблеми со кои треба да се справиме сите заедно.

Според стопанскиот, невладиниот и владиниот сектор Ромите се многу сиромашен народ, заради што неможат да најдат работа. Само 10% сметаат дека не се баш и не ѝм влијае сиромаштијата на способноста за наоѓање работа. Дури 10% не се запознаени со состојбите на Ромите за ова прашање. Атрактивноста на вработување во државна институција е многу голема во нашава земја и според 60% испитаници, Ромите се јавуваат на нивни отворените конкурси, а само 25% бараат работа во приватниот сектор. Околу 20% испитаници сметаат дека нема разлика, додека дури 45% не се запознаени дали воопшто Ромите се јавуваат на конкурсите за работа во приватниот сектор, што во однос на познавање за државен е 20%.

За масовната невработеност на Ромите 65% испитаници кривицата ја гледаат во тоа што немаат соодветни струки, вештини и соодветно образование и за 30% фирми, невработените Роми не го нудат тоа што ѝм треба на фирмите. Дури 35% сметаат дека Ромите немаат пристап до огласите за работа и 30% сметаат дека овие лица незнаат каде да се обратат за да побараат работа, но има и

компании (35%) кои не ги примаат поради ромската припадност. Правните лица, исто како и поединците во оваа држава, 25% се оптоварени со потребата од бркање врски за да се дојде до работно место, кои што Ромите ги немаат, но ова не е само ромски проблем, туку општ на сите невработени граѓани на Македонија. Преферирањето на Ромите да примаат социјална помош и да седат дома без работа, или забраната на жените да одат на работа го бележат само 10% испитаници како проблем, во кој доста сметаат дека самите Роми се срамежливи во нивната мобилност на пазарот на труд. Самите компании за своите конкурси за работа сметаат дека ги одбиваат кандидатите Роми само поради немање соодветно образование (60%), а потоа (30%) поради недостаток на струка, вештини, врски и малку затоа што се Роми. Високи 25% испитаници сметаат дека на Ромите ѝм недостасува добра биографија, пропратно писмо и убаво изјаснување на интервју за да бидат конкурентни при пријавување на оглас. Стопанскиот сектор смета дека сите Роми и други невработени лица повеќе сакаат да работат, а само 15% мислат дека Ромите преферираат да примаат социјална помош. Примање социјална помош е феномен кој според институциите е несватлив да се држат до примање на 2.000 денари, наместо плата најмалку 6.000 денари. Некои институции се на мислење дека Ромите не бараат работа како рецидив од традицијата на одбивност на работа во работна просторија со редовно 8 часовно работно време.

Професии што се бараат на огласите за вработување во приватниот сектор не се понудени од 30% невработени Роми, зашто ѝм недостасува средно и високо училиште, а 25% задоволуваат со вештини. Поради немање контакт со Роми, 20% немаат определено мислење за ова. Наспроти тоа 40% сметаат дека се доволно квалификувани за работа во државни институции, 25% се соодветни за искористување на Рамковниот договор, но и тука 30% незнаат или сметаат дека сепак Ромите немаат соодветни, доволно образовани струки кои најчесто се бараат на огласите за вработување во државни институции. Ромите сеуште аплицираат во државен сектор за вработување, како најатрактивен работодавач сметаат 75% од испитаниците, 5% несметаат и 20% не се информирани, а пак 40% се изјаснуваат дека Роми аплицираат во приватен сектор. Од тие што аплицирале и дошле на интервју 50% се соочиле со проблем да не одговараат соодветно на прашања, 35% не разбираат што се дискутира, 20% немаат соодветен говор на тело, а 10% фирми сепак немале контакт со ромски кандидати. Од фирмите што имале проблем, генерало се смета дека институциите немаат доверба дека ќе ја работат добро работата, или поставуваат прашања за предходно искуство, кое жал повеќето Роми го немаат. Голема замерка правните лица даваат на неносење деловна гардероба за интервју, што е универзален проблем на кандидатите поради тоа што повеќето го гледаат надворешниот изглед пред се‘.

Половина од приватниот сектор има стереотипно мислење за Ромите кога конкурираат за работа и не се ни обидуваат да го негираат, а некаде односот зависи индивидуално од личноста. Другата половина немаат стереотипно мислење за сите, не генерализираат, зашто повеќе бараат знаење и редовност, коишто за 75% од испитаниците се најбитни за конкурентност при добивање работа. Се смета дека Роми не се заинтересирани за работа, нема квалитетно да ја завршат истата и се неквалификувани. Во 20% случаи знаењето не е доволно за конкурентност, туку други нешта.

Невладиниот и државниот сектор познаваат Роми кои искористиле кредит, или донација од АВРМ, додека стопанството не е во тек. Но, 40% незнат дали воопшто Ромите поднесуваат апликации за користење на активни мерки, 30% сметаат дека ретко се бара, само 25% дадоа потврден одговор, а 5% сметаат дека тоа ретко се случува. При тоа главен проблем со кој се соочуваат е неисполнување услови (55%), 45% немаат образование, 35% не знаат да пополнат

формулари, за 25% тоа е многу е комплицирано, а за мал број испитаници семејниот буџет е ограничувачки за користење на кредитните линии како гаранција. Како потврда на ова, 55% сметаат дека самата процедура не е лесна, наспроти 10% задоволни од неа и само треба да се исполнат критериумите. Никој не би ја менувал процедурата, туку би ги помогнал невработените да ги исполнат критериумите со донации, гаранции, обука, итн. Наведените проблеми се воедно причина за одбегнување на пријавувањето на Ромите во АВРМ за помош. Најчесто потребни вештини за Ромите доволни за да аплицираат за кредит од АВРМ, според стопанскиот сектор се поседување ССС и имање идеја за некој бизнис, а можеби треба нова посебна програма само за Роми. За да ѝм се помогне на Ромите во формирање бизнис план, покрај советување, информации, треба подобрена инфраструктура со патишта за економијата и се препорачува менување на визијата дека сам свој бизнис е подобро од молење на врата за социјална помош. Некои Роми иако заработуваат на црно 10 пати повеќе од социјалната помош, истата ја сметаат за многу битна за нивен опстанок. Пречка е стереотипниот страв дека за најмала работа се губи социјалната помош, што ги ограничува во преземање нови потфати. Речиси сите се сигурни дека невработените редовно се пријавуваат во Агенцијата за вработување и сите бараат помош од неа.

За развивање на сопствен бизнис, едногласно јавниот, приватниот и третиот сектор ги оценуваат економските услови неподобни, а само 10% за подобни, но 25% не се запознаени со условите. За сопствен бизнис на Ромите е потребна помош од обука за знаење (80%), потоа 75% посочуваат на пари, опрема, информации за кредити, работна просторија, реклама, партнер и 10% се одлучија за препораки. Правните лица имаат сознанија за приванти бизниси од Роми подеднакво како и за другото население. Тие сметаат (60%) дека Ромите повеќе се вработуваат на црно од останатите заедници, додека 10% не го прифаќаат како такво. Над 35% лица незнаат дали Роми се вработуваат, или имаат свој бизнис, на црно. Најчесто се смета дека Ромите преферираат сопствен бизнис и не сакаат да работат за други. Притисокот од вработување на црно без пријавен стаж и придонеси најчесто е последица на немање друг излез (55%) наложен од работодавачите (40%), или за 40% анкетирани, без образование следат такви работните места. Само 15% правни лица сметат дека Ромите се во таа состојба зашто не ги знаат синдикатите и законите кои ги штитат и веруваат дека самите Роми не сакаат да ѝм тече стажот. Тоа потекнува од предавањето на навиките од постари кон помали, притисок од семејството за ограничен развој и немање поголеми амбиции за образување за подобри услови за живот. Проблем на Ромите во нивното водење бизнис е непознавање на пресметката на обртот односно трошоци и приливи, што најчесто води до поголемо трошење од потребното, или одење кон минимална заработка која на крај од месецот неовозможува подмирување на давачките. Ромите се масовно вклучени во проектот за „Јавни работи“, координиран од општините, поддржан од Владата преку АВРМ, каде што голем број Роми, пријавени како невработени влегоа на работа во општините како сезонски работници за извршување работи: чистење улици, косење тревни површини, помош при комунални работи и одржување на јавни зелени површини во надлежност на општините. Дури 25% од правните лица незнаат како да ѝм помогнат на младите лица за самовработување со плаќање придонеси.

# 8 Проблеми на Ромите при влез на пазарот на труд

Ромите генерално се пријавуваат во евиденцијата на агенцијата за вработување чекајќи помош за наоѓање работно место. Исто така се заинтересирани да добијат информации, или помош во

активните мерки за вработување и за мали бизниси, но најчест проблем со кој се соочуваат при барање на позајмица или донација е нивното немање на имот, финансиска гаранција, како услов за аплицирање. Поради ниското образование најчесто губат поени при селективен процес на конкурси за работа, или пак конкурси за активни мерки за грантирање за отворање на нов бизнис. На тој начин во списоците на крајни корисници кои успешно добиле помош од државната програма за вработување, или креирање сопствен бизнис, ретко се наоѓа ромска етничка група. Сепак селективниот процес на бодување е ригорозен подеднакво за сите граѓани без разлика на полова, етничка, социјална структура на нивните семејства, така да неможе да се замери за дискриминација, туку се работи за високи критериуми. Како што е сега практиката во процедурите за аплицирање, кандидатите што не влегуваат во избор не добиваат никаква информација, туку едноставно сваќаат дека се одбиени откако поминале месеци, или слушнал/а на вести дека некој друг добил. На следен конкурс кандидатот ќе аплицира пак со истата биографија или мотивациско писмо за повторно да биде одбиен/а и повторно да не знае кој дел од неговите писма не бил привлечен, или не бил добро напишан.

Најчесто вработување на Ромите е во услужни и физички дејности, на отворен простор и слично кое нуди можност за движење, отвореност и флексибилност на работното време. Од таа причина Ромите најголем број се сами свои газди на сопствен бизнис. Таков бизнис не е видлив во општеството, поради тоа што 90% од нив не се пријавени како легални стопански субјекти туку работат на црно. Причината најчесто не лежи во желбата за избегнување данок кон државата, туку поради нивното непознавање на административни и технички работи за евиденција, сметководство, книговодство и други обврски што најчесто води до поголемо трошење од потребното, или одење кон минимална заработка која на крај од месецот неовозможува подмирување на давачките. Најраспространет проблем на непријавените ромски бизниси е непознавањето на предностите од легализација на бизнисот, од една страна и традиционалната навика на Ромите за користење на социјална помош од државата како најсигурен извор на пари за домашен буџет. Од постоечките програми за формализација / легализирање на приватните бизниси, постои доволна бројка на Роми пријавени за финансиска и техничка помош, најчесто во област на трговија и тоа за цвеќарница, пластичарница, пиљара и во услуги во област автоперална. Работата на трговија со 1000 тезги на речиси сите пазари доминантно од сопственици Ромки ангажираат 3-5 лица во набавки, достава и продажба, но никој нема пријавен стаж. Тие тезги редовно, динамично работат, но веројатно ѝм треба поголемо насочување за поголем успех и издигнување на свеста за сигурност со пријавување на легални вработувања.

Ромите не се запознаени со посебните програми за помош во Агенцијата за вработување, особено бесплатната услуга за лекарски систематски преглед на најчестите заболувања. Истата треба да се промовира. Многу честа појава на понудените курсеви од организации кои помагаат вработување е корисниците да не го применуваат стекнатото знаење во секојдневието. При тоа се забележува поголема привлеченост на учесниците од добриот амбиент, дружење и храна на местото на одржување на обуката, отколку амбиција да се добие сертификат.

## 8.1 Проблеми на институционално ниво

Што се однесува на нивото на помош дадена на Роми се забележува неефикасност на скопските, ромски, невладини организации во давање информации за отворените можности за помош во пазарот на труд. Особено се минимизира работата на терен, што резултира со ослабување на

директна комуникација со целната група, неразбирање на проблемите и недоволно искористување од страна на Ромите. Организациите во помалите градови покажуват подобра ефикасност во информирање на невработените и сопственици на стопански дејности и поголем број Роми се јавуваат кај нив за помош. Од друга страна многу институции реагираат дека вработените Роми во институциите не се ангажираат активно во лобирање за подобрување на положбата на останатите невработени Роми, или не ѝм даваат информации. Агенцијата за вработување нуди активни мерки за помош на невработени да најдат работа кај постоечки фирми со финансиска помош за практиканство, или пак со кредити и донации за отворање на сопствен бизнис. Кредитните линии најчесто се недостапни поради високите камати што е проблем кај сите невработени од финансиски слаби семејства. Се смета дека 3000 – 7000 евра се малку за отворање на сериозен голем бизнис, туку се за помали, занаетчиски работи, што не ги задоволува новите, млади, образовани генерации.

Стереотипот за Роми како група која нема лична култура сеуште е ограничувачки фактор во многу економско-општествени кругови. Полошо е што во нашава држава пред сите услови човек треба да најде врски за да добие работа, што е жалосно и трагично, за целата нација, не само за Ромите. Ограничениот проток на информации за конкурси, помош и обуки се надоврзува на институционалните проблеми, од аспект што сеуште не е изградена колективна свест за сестрано запознавање на граѓаните со детални информации, туку разни службеници ги споделуваат информаиците селективно кон помал круг на корисници, меѓу кои многу ретко се Роми.

## 8.2 Проблеми на ниво на стопанства

Приватни бизниси има во неформални работни места како чистење по куќи и собирање пластичен отпад, во кои постои добра заработувачка за цело семејство и ангажман за повеќе луѓе. Проблемот е што неможат индивидуално да се пријават за водење на стаж, зашто се периодични ангажмани. Плаќањето од клиентите е во готово без трансакции и сметки, што е додатен проблем при евиденција на ангажираноста на луѓето. Од таа причина е тешко да се пресмета профитабилноста на бизнисот и негово траење, но исто така и да се докаже постоење на преклопување на приходот со социјалната помош. Владее мислење купувачи од други етнички групи избегнуваат купување во ромска фирма. Ограниченоста на бизнисот во ромска населба го лимитира секој бизнис во напредокот во профитабилноста и во ангажирање на квалификуван кадар. Слабо знаење од менаџирање, стандарди и барање за квалитет на работа и барања од државните обврски се високо лимитирачки за ромска фирма што води кон спуштање на профитноста на граница на стечај. Затоа работата на црно останува главен менаџерски стил на ромските фирми и вработени кои немаат друг излез. Некои сметаат дека непријавувањето е резултат на неинформираност за работнички права и еднаква конкурентност. Многу е мала границата помеѓу желбата за примање социјална помош и желба за водење бизнис.

Многу е значајно да се истакне дека во повеќе прашања за тоа дали Ромите работат на црно и дали имаат свој бизнис, дали бараат работа во приватен сектор, над 35% лица незнаат, што насочува, или на непознавање на состојбите, или незаинтересираност, или пак едноставно тој проблем не е видлив во општеството.

# 9 Препораки

## 9.1 Препораки за социјално вклучување

Соработка на НВОи и АВРМ за организирање информативна средба / работилница со цел да се објаснат правата за вработување и Активните мерки на Агенцијата, поинтензивно кај ромската популација, со поединечно објаснување за користа, како и со обука за начинот на пријавување, на пополнување формулари, или да се направат документите поразбирливи.

Потребно е да се отвори дискусија со надлежните институции за воведување на посебна програма за Роми со поинакви / поедноставни критериуми во грантовата програма во активните мерки за вработување и во кредитирачката програма за легализирање на бизнисите.

Коалицирање на скопските, невладини организации и вработените Роми во институциите во водење на кампања на терен со секој поединец за мотивирање за вклучување во пазарот на труд, со стекнување образование и нивно насочување по завршеното училиште.

Издигнување на свеста на Ромите за предностите од регистриран бизнис и работа кај други за безбедност, заработувачка и здравствено осигурување, во споредба со социјална помош. Тука се вклучуваат директни разговори со поединци и групни трибини.

Кампања за менување на визијата дека сам свој бизнис е подобро од молење на врата за социјална помош. Кампања да не се плашат дека ќе изгубат социјална помош зашто со обука се добиваат пари. Запознавање со законските можности за пријавување на социјална помош веднаш по губење на работно место, со што ризикот од немање пари за опстанок се намалува.

Промена на навиката за одбивање на работни места во затворен простор со 8 часа работно време, нова свест за работна навика, како и мотивирање за учење стручни вработувања како технички секретар.

Издигнување на целокупната свест на вработените, раководителите и спотсвениците на приватните бизниси за социјално партнерство, заштита при работа, економска ефикасност и продуктивност на компанијата, како и поголема сензибилност кон правата на Ромите и жените.

Застапување на интересот на работната сила на пазарот на труд да се редуцира влијанието на врските и партиската книшка во конкурсите за работа. За ова треба темелна кампања во власта, политички партии и останати засегнати страни, со коалицирање на многу невладини организации.

Воспоствување соработка со училишта за возрасни за дозавршување на 4та година средно училиште, 8 одделение и слично формално образование наменето за Ромките и Ромите.

Доколку се бараат Роми на одредено работно место, но не се јават, не треба да се менува приемот на друга еничка група. Издигнување на свеста на менаџментот и власта да при вработување на лица со врски да се вработат оние лица кои имаат завршено соодветно образование, а не некои да работат без соодветно образование само поради врските.

Да се воведе правило за кандидатите за работа или субвенции, ако бидат одбиени на конкурсот, да добијат повратно писмо со образложение за недостатоците. На тој начин се помага

кандидатот да посвети внимание на своите грешки, или недостатоци за да ја унапреди својата конкурентност за следен конкурс.

Потребни се активни мерки за интензивно вработување на самохрани родители (мајка / татко) во познати компании, за што треба поголема свест за општествена одговорност на стопанскиот сектор и нови стратегии во владиниот сектор за олеснување на добивање донации од странските фондови (особено ИПА грант) за долгорочни проекти на невладиниот сектор кој може да биде голем работодавач на ранливите групи.

Промовирање на ромската култура, издигнување на стилот на живеење, хигиената, личната култура на повисоко ниво за целосна вклученост во општество.

## 9.2 Препораки за бизнис услови

Воведување нов начин за да се плаќаат даноци и придонеси од работата на црно, преку социјални претпријатија, координирани ангажмани, паушали, итн.

Подобрување на состојбата на невработените млади Роми со додатно едуцирање како да развијат сопствен самовработувачки бизнис со плаќање на придонеси, со креиран профитабилен бизнис план со помош на советници со искуство, како и помош со откупувачи во контакти и соработка со соодветни организации, во први 2 години за да ѝм иде бизнисот, како и одложено плаќање на придонеси од 3 до 5 години.

Креирање на вработување со подршка од НВО секторот.

Отворање сервисна канцеларија за техничка помош на сите Роми кои завршуваат образование на било кое ниво, со совети за можности за вработување, помош за да пополнат формулар, или водење бизнис со квалитетна, сертифицирана стока за продажба и услуга.

Креирање на бизнис инкубатор за фирми и самовработени лица модифициран кон Ромите, односно една фирма која ќе се грижи за сметководство, книговодство, евиденција и водење стаж на вработени во име на повеќе лица кои сами водат безинис од било кој ранг, но избегнуваат формализирање поради низа слабости. Сите ангажирани на собирање пластика и хартија, чистење по куќи, продажба на тезги и друго да се пријавуваат во тој инкубатор кој ќе се грижи за нивно вработување, а тие нема да се оптеретуваат со тие законски правила.

Спроведување на стручни, насочени, кроени, наменски, доквалификациски курсеви за теми, кои завршуваат со диплома / сертификат што носи повеќе поени при конкурси. Курсот да се спроведе со пропратна практиканска работа кај познат работодавец, која дава препорака за ново вработување. Обука за калкулација на трошоци, приливи, планирање на набавки и продажба, навика за работа, раководење, итн.

Центар за поддршка на мобилност на невработените Роми креиран од НВОи да најдат работа, информации за конкурси и правила за стил на деловна гардероба, подобро вербално и телесно изразување за време на интервју, учење за неговата потреба при конкурирање за работа, пишување готов напишан и извежбан говор, пишување ЦВ и мотивационо писмо и начин да пополнат формулар.

Помош на фирмите за подобро објаснување за време на интервју кон кандидатите.

Промоција на резултатите од оваа студија кај другите општествени актери за да се унапреди состојбата на невработените Ромки и Роми.

# 10 Референца

Аналитички тим на РАЖМ ЛУЛУДИ

М-р. Биљана Стевановска

Г-ѓа  Кјмет Амет

РАЖМ -ЛУЛУДИ

Скопје, 15.3.2015

Р.Македонија